ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Согласно утврдените стратешки приоритети за периодот 2008 - 2012 година и Националната здравствена стратегија, Владата на Република Македонија идентификуваше ургентна потреба од надминување на субоптималниот изглед на објектите на јавните здравствени установи и подигнување на квалитетот на здравствена заштита на македонските граѓани, како дел од целокупната реформа која се спроведува во здравствениот сектор. Оттука, Владата на Република Македонија иницираше подготовка на Проект за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи (ЈЗУ) во Република Македонија. Со реализацијата на овој Проект се очекува да се надмине проблемот со застарената медицинска инфраструктура и опрема.

Проект за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи има две компоненти. Првата компонента вклучува реконструкција, реновирање и проширување на постоечки ЈЗУ и изградба на нови. Втората компонента се состои од набавка и инсталација на нова медицинска опрема во ЈЗУ кои се опфатени во рамките на првата компонента и во други ЈЗУ, кои не се вклучени во првата компонента.

Поради комплексноста на Проектот и потребата од добра подготовка со цел успешна имплементација и исполнување на целите на Проектот, Владата на Република Македонија одлучи овој Проект да се реализира во 3 фази.

Во моментов, целосно е подготвена за отпочнување со реализација првата фаза од овој Проект, додека останатите две фази се во интензивен процес на подготовка. Првата фаза ќе се реализира во текот на 2010-2013 година и ќе вклучи реконструкција и рехабилитација на следните најургентни 20 ЈЗУ:

1. Клиника за белодробни заболувања и ТБЦ – Козле;
2. Психијатриска болница Бардовци;
3. Интерни клиники, Клинички центар - Скопје;
4. Болницата за белодробни заболувања Јасеново – Велес;
5. Општа болница Тетово;
6. Општа болница – Охрид;
7. Гинекологија Чаир;
8. Општа болница – Велес;
9. Општа болница – Прилеп;
10. Општа болница – Кочани;
11. Општа болница – Куманово;
12. Општа болница – Гостивар;
13. Клиничка болница – Струмица;
14. Психијатриска болница Негорци – Гевгелија;
15. Геријатрија 13 Ноември – Скопје;
16. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Јане Сандански;
17. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Идадија;
18. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Букурешт;
19. Здравствен дом – Крива Паланка; и

20. Здравствен дом - Прилеп.

Врз основа на извршената анализа на понудите добиени од повеќе меѓународни финансиски институции, заинтересирани за финансирање на овој Проект, Владата на Република Македонија, на 115-та седница одржана на 21.12.2007 година, ја одбра понудата на Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) како најповолна.

Вкупниот износ на првата фаза од овој Проект изнесува 46.000.000 ЕВРА. ЦЕБ ќе учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на Проектот, односно со 23.000.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на Проектот, односно со набавка на медицинска опрема во износ од 20.500.000 ЕВРА и 2.500.000 ЕВРА од Буџетот на Министерството за здравство. Обврската по основ на ДДВ ќе биде подмирена од страна на Буџетот на Министерството за здравство.
Министерството за здравство, заедно со консултантите ангажирани во рамките на техничката помош обезбедена од страна на ЦЕБ, изработи Извештај за издржаноста на Проектот, кој беше предуслов за презентирање на Проектот пред Административниот совет на ЦЕБ. Министерството за финансии го проследи Извештајот за издржаноста на Проектот до ЦЕБ и поднесе апликација за добивање на заем до Генералниот Секретар на Советот на Европа на 15.10.2009 година.

Проектот е презентиран и одобрен од Административниот совет на ЦЕБ на 19.11.2009 година.

Имплементатор на проектот ќе биде Министерството за здравство, кое за потребите на истиот има формирано посебна Единица за имплементација на Проектот.

Финалниот текст на Рамковниот договор за заем, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и ЦЕБ е усогласен на 19.12.2009 година, по пат на електронска комуникација меѓу претставниците на ЦЕБ и претставниците на македонската делегација. Македонската делегација беше составена од претставници од Министерството за финансии и Министерството за здравство.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Главна цел на овој Проект е надминување на субоптималниот изглед на објектите на јавните здравствени установи и подигнување на квалитетот на здравствена заштита на македонските граѓани, како дел од целокупната реформа која се спроведува во здравствениот сектор. Со реализацијата на овој Проект ќе се надмине проблемот со застарената медицинска инфраструктура и опрема.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е сигурност во финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во Република Македонија – прва фаза.

За таа цел потребно е Република Македонија да склучи Рамковен договор за заем со ЦЕБ, со цел обезбедување на средства за реализација на овој Проект.

За склучување на Рамковниот договор за заем, потребно е да се донесе закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем

утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05 и 88/08). Оттаму, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи (ЈЗУ) во Република Македонија – прва фаза, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупниот износ на првата фаза од овој Проект изнесува 46.000.000 ЕВРА. ЦЕБ ќе учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на Проектот, односно со 23.000.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на Проектот, односно со набавка на медицинска опрема во износ од 20.500.000 ЕВРА и 2.500.000 ЕВРА од Буџетот на Министерството за здравство. Обврската по основ на ДДВ ќе биде подмирена од страна на Буџетот на Министерството за здравство.
Деталната распределба на овие средства е дадена во приложениот образец за фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ – ПРВА ФАЗА

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Банката за развој при Советот на Европа со заем во износ од 23.000.000 ЕВРА, за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во Република Македонија – прва фаза.

Член 2

Условите и начинот на користење на средствата од заемот од членот 1 на овој закон, ќе бидат утврдени со Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во Република Македонија – прва фаза, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа.

Условите на користење на средствата на секоја транша поединечно ќе се утврдуваат со Дополнителните договори за заем, кои се составен дел од Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во Република Македонија – прва фаза.

Во име на Република Македонија, Рамковниот договор за заем од став 1 од овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е најмногу 20 години, со вклучен грејс период од 5 години.

Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од влегувањето во сила на Рамковниот договор за заем од член 2 став 1 од овој закон и не треба да надмине 33% од вкупниот износ на заемот.

Повлекувањата на секоја следна транша ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

Член 4

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на повлекувањето на средствата од заемот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

Член 5

Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во Република Македонија – прва фаза од Рамковниот договор за заем од член 2 став 1 ќе го реализира Министерството за здравство.

Член 6

Република Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Согласно утврдените стратешки приоритети за периодот 2008 - 2012 година и Националната здравствена стратегија, Владата на Република Македонија идентификуваше ургентна потреба од надминување на субоптималниот изглед на објектите на јавните здравствени установи и подигнување на квалитетот на здравствена заштита на македонските граѓани, како дел од целокупната реформа која се спроведува во здравствениот сектор. Оттука, Владата на Република Македонија иницираше подготовка на Проект за реконструкција и доградба на ЈЗУ во Република Македонија. Со реализацијата на овој Проект се очекува да се надмине проблемот со застарената медицинска инфраструктура и опрема.

Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи има две компоненти. Првата компонента вклучува реконструкција, реновирање и проширување на постоечки (ЈЗУ и изградба на нови. Втората компонента се состои од набавка и инсталација на нова медицинска опрема во ЈЗУ кои се опфатени во рамките на првата компонента и во други ЈЗУ кои не се вклучени во првата компонента.

Поради комплексноста на Проектот и потребата од добра подготовка со цел успешна имплементација и исполнување на целите на Проектот, Владата на Република Македонија одлучи овој Проект да се реализира во 3 фази.

Во моментов, целосно е подготвена за отпочнување со реализација првата фаза од овој Проект, додека останатите две фази се во интензивен процес на подготовка. Првата фаза ќе се реализира во текот на 2010-2013 година и ќе вклучи реконструкција и рехабилитација на следните најургентни 20 ЈЗУ:

1. Клиника за белодробни заболувања и ТБЦ – Козле;
2. Психијатриска болница Бардовци;
3. Интерни клиники, Клинички центар - Скопје;
4. Болницата за белодробни заболувања Јасеново – Велес;
5. Општа болница Тетово;
6. Општа болница – Охрид;
7. Гинекологија Чаир;
8. Општа болница – Велес;
9. Општа болница – Прилеп;
10. Општа болница – Кочани;
11. Општа болница – Куманово;
12. Општа болница – Гостивар;
13. Клиничка болница – Струмица;
14. Психијатриска болница Негорци – Гевгелија;
15. Геријатрија 13 Ноември – Скопје;
16. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Јане Сандански;
17. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Идадија;
18. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Букурешт;
19. Здравствен дом – Крива Паланка; и
20. Здравствен дом - Прилеп.

Вкупниот износ на првата фаза од овој Проект изнесува 46.000.000 ЕВРА. ЦЕБ ќе учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на Проектот, односно со 23.000.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на Проектот, односно со набавка на медицинска опрема во износ од 20.500.000 ЕВРА и 2.500.000 ЕВРА од Буџетот на Министерството за здравство. Обврската по основ на ДДВ ќе биде подмирена од страна на Буџетот на Министерството за здравство.

Имплементатор на овој Проект ќе биде Министерството за здравство, кое за потребите на проектот има формирано посебна Единица за имплементација на Проектот.

Првата фаза од Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи ќе започне со реализација во 2010 година. Се очекува истата да биде реализирана заклучно со 31.12.2013 година. Следствено, договорено е датумот на затворање на проектот да биде 30.06.2014 година.

Заемот е доделен под следните услови на Банката за развој при Советот на Европа:

Рок за отплата – Рокот за отплата ќе се утврдува за секоја транша одделно, при што рокот на отплата може да биде до 20 години, вклучувајќи грејс период до 5 години.

Повлекување – Заемот ќе се повлекува во неколку транши. Износот на секоја транша ќе се одредува во зависност од напредокот во реконструкцијата и доградбата на јавните здравствени установи во Република Македонија.

Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од стапувањето на сила на Рамковниот Договор за заем и не треба да надмине 33% од вкупниот износ на заемот. Повлекувањето на следните транши ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

Каматната стапка – Каматната стапка и валутата ќе се одредуваат за секоја транша од заемот одделно на денот на повлекување на истата. Каматната стапка за сервисирање на заемот може да биде варијабилна или фиксна.

Варијабилната каматна стапка е ЕУРИБОР зголемен за варијабилен распон.

Единица за имплементација на проектот – за имплементација на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи е основана е Единицата за имплементација на проектот, која функционира во рамки на Министерството за здравство. Согласно Рамковниот договор за заем, Министерството за транспорт и врски ќе биде одговорно за спроведување на проектот преку Единицата за имплементација на проектот.

Набавки - Набавката на добра и услуги ќе се врши во согласност со Упатствата на ЦЕБ (верзија бр. 3 – ноември 2004 година).

Мониторинг – Единицата за имплементација на проектот, покрај следењето на

реализацијата на целиот проект, ќе води и одделна сметководствена и друга евиденција за реализацијата на Проектот, во согласност со меѓународните стандарди, која во било кој момент, ќе може да даде реален приказ каков е прогресот на Проектот.

Единицата за имплементација на проектот, во периодот на имплементација на проектот, има обврска најмалку два пати годишно, од повлекувањето на заемот, да доставува до ЦЕБ мониторинг извештај. Истата обврска за доставување мониторинг извештај, ќе треба да се исполни и пред повлекувањето на секоја транша, со исклучок на првата. Овие извештаи треба да бидат во форма и содржина задоволителна за ЦЕБ.

Со цел реализирање и делумно финансирање на Проект за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи – прва фаза, потребно е Република Македонија да склучи Рамковен Договор за заем со ЦЕБ, со кој ќе се регулираат правата и обврските на договорните страните, кои ќе произлезат од Договорот за заем.

За склучување на Рамковниот договор за заем, потребно е да се донесе закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08). Оттаму, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проект за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во Република Македонија – прва фаза, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Рамковниот договор за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Првата фаза ќе се реализира во текот на 2010-2013 година и ќе вклучи реконструкција и рехабилитација на следните најургентните 20 ЈЗУ:

1. Клиника за белодробни заболувања и ТБЦ – Козле;
2. Психијатриска болница Бардовци;
3. Интерни клиники, Клинички центар - Скопје;
4. Болницата за белодробни заболувања Јасеново – Велес;
5. Општа болница Тетово;
6. Општа болница – Охрид;
7. Гинекологија Чаир;
8. Општа болница – Велес;
9. Општа болница – Прилеп;
10. Општа болница – Кочани;
11. Општа болница – Куманово;
12. Општа болница – Гостивар;
13. Клиничка болница – Струмица;
14. Психијатриска болница Негорци – Гевгелија;
15. Геријатрија 13 Ноември – Скопје;

16. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Јане Сандански;
17. Здравствен дом Скопје – Поликлиника  Идадија;
18. Здравствен дом Скопје – Поликлиника Букурешт;
19. Здравствен дом – Крива Паланка; и
20. Здравствен дом  - Прилеп.

Вкупниот износ на првата фаза од овој Проект изнесува 46.000.000 ЕВРА. ЦЕБ ќе учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на Проектот, односно со 23.000.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на Проектот, односно со набавка на медицинска опрема во износ од 20.500.000 ЕВРА и 2.500.000 ЕВРА од Буџетот на Министерството за здравство. Обврската по основ на ДДВ  ќе биде подмирена од страна на Буџетот на Министерството за здравство.

Имплементатор овој Проект ќе биде Министерството за здравство, кое за потребите на проектот има формирано посебна Единица за имплементација на Проектот.

Првата фаза од Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи ќе започне со реализација во 2010 година. Се очекува истата да биде реализирана заклучно со 31.12.2013 година. Следствено, договорено е датумот на затворање на проектот да биде 30.06.2014 година.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Назив на предлогот:<br>**Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи (ЈЗУ) во Република Македонија – прва фаза** | Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финасии |
| Цел на предлогот:<br>**Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи (ЈЗУ) во Република Македонија – прва фаза** | Вид на предлог:<br><br>**Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи (ЈЗУ) во Република Македонија – прва фаза** |
| Контакт лице и звање:<br>Наташа Стојмановска, државен секретар<br><br>Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии | Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел. 3106 473;<br>natasa.stojmanovska@finance.gov.mk<br><br><br>тел: 3132-245; 23106-454; факс: 2 3106 140;<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk ; |

| Активност | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( )Друга нова регулатива | ( )Нова програма<br><br>( )Зголемување/намалување на постоечка програма | ( )Прераспределба (на средствата) меѓу две програми<br><br>( )Спојување на две или повеќе програми |

Цел на барањето/предложената активност: Согласно утврдените стратешки приоритети за периодот 2008 - 2012 година и Националната здравствена стратегија, Владата на Република Македонија идентификуваше ургентна потреба од надминување на субоптималниот изглед на објектите на јавните здравствени установи и подигнување на квалитетот на здравствена заштита на македонските граѓани, како дел од целокупната реформа која се спроведува во здравствениот сектор. Оттука, Владата на Република Македонија иницираше подготовка на Проект за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи (ЈЗУ) во Република Македонија. **Со реализацијата на овој Проект се очекува да се надмине проблемот со застарената медицинска инфраструктура и опрема.**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Врска со владината програма: Предлог на законот е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија | | | | |
| Фискални импликации | (денари)<br>2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 44.000.000 | 49.000.000 | 50.000.000 | 10.250.034 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| В. Промена(разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Г. Расположливи средства од прелевања (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Д. на<br>Д. Нето импликации на средствата органот (Г-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ Зголемување/намалување на приходите | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br><br>Заем од Банка за развој при Совет на Европа | 153.000.000 | 489.000.000 | 661.000.000 | 106.900.000 |
| Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11А и 11Г) | Банката за развој при Советот на Европа одобри заем во износ од 23.000.000 ЕВРА, кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи – прва фаза и Дополнителните договори за заем, кои се составен дел од Рамковниот договор. | | | |
| Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финасии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финасии: | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финасии: | | | | |
| 19.Одговор на Министерството - предлага: | | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финасии: | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финасии е дадено во прилог: | | | | |
| 22.Одобрен/ дата:<br><br>________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган /12/2009 ден/месец/година | ________________<br>Потпис на Министер /12/2009 ден/ месец/година | | | |

Изработил: Ирина Тричковска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева